Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 15, а во врска со член 94 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19, 236/22 и 134/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4 јули 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на Планот за развој на електродистрибутивниот систем**
**за период од 2024 до 2028 година**

1. Се одобрува усвоениот План за развој на електродистрибутивниот систем за период од 2024 до 2028 година, доставен од страна на Друштвото за дистрибуција на електрична енергија ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје.
2. Се задолжува Друштвото за дистрибуција на електрична енергија ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, Планот за развој од точка 1 од оваа одлука да го објави на својата веб страница.
3. Оваа одлука влегува со сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за дистрибуција на електрична енергија ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје) на 05 март 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) го достави на одобрување Планот за развој на електродистрибутивниот систем за период од 2024 до 2028 година (во понатамошниот текст: План за развој) бр. 12-403/1 од 05 март 2024 година.

На 27 март 2023 година во просториите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје се одржа јавна расправа по Планот за развој.

Регулаторната комисија за енергетика го разгледа Планот за развој и до ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје достави допис бр. 12-403/2 од 02 април 2024 година со коментари и забелешки по Планот за развој, со кој побара ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје да ги имплементира забелешките и повторно да го достави Планот за развој за одобрување.

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, по усогласување со Регулаторната комисија за енергетика, постапи по забелешките на Регулаторната комисија за енергетика и достави на одобрување План за развој на електродистрибутивниот систем за период 2024-2028 година бр. 12-403/3 од 27 јуни 2024 година заедно со Одлука на управителите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје за донесување на Планот за развој на електродистрибутивниот систем за период 2024-2028 бр. 02-1612/2-1 од 25.06.2024 година.

Согласно член 94 став (2) од Законот за енергетика* Операторот на електродистрибутивниот систем е должен секоја година да подготви план за развој на системот за период од следните пет години, во кој треба да бидат содржани информации за развојот на електродистрибутивниот систем во согласност со барањата утврдени во мрежните правила за

дистрибуција и со доставените информации од надлежните институции за потребите од приклучување нови корисници на електродистрибутивната мрежа, како и потребите и можностите за изградба и приклучување постројки за складирање електрична енергија.

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 15, а во врска со член 94 став (2) од Законот за енергетика*, Регулаторната комисија за енергетика го разгледа и одобри Планот за развој на електродистрибутивниот систем за период 2024-2028 година седницата одржана на 04 јули 2024 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр.12-403/4**
**04 јули 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**